**ЗАПИСНИК**
**Од 59-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 30.05.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, мај 2025 год

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-1246/2

**ЗАПИСНИК**
**Од 59-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 30.05.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Педесет и шестата седница на Општина Бутел се одржа на 15.05.2025 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Теодора Спасенцовска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Стојан Петкуќевски, Александар Ѓорчевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Љејља Исени, Сеад Арслани, Дарко Димовски, Мартин Бошковиќ, Оливера Ливриниќ и Аљајдин Сали и Вулнет Селими.
Отсутен: Чедо Николовски.

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски, Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов го стави на гласање Записникот од 58-та седница и констатира дека Советот со 16 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година.
2. Предлог – Одлука за проширување на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предлоѓениот Дневен ред.

Советниците со 16 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот Дневниот ред.

**По првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање,буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од Дневниот ред.

**По втората точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за проширување на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање,буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за проширување на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Одлуката за проширување на средствата во буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка од Дневниот ред.

Советниците со  17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија втората точка од Дневниот ред.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов констатираше дека педесет и деветата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Проф. д-р Игор Николов